Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-215/4
11-04-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08 - 215 од 08.03.2023 година, поднесена од [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на религија и лично својство против ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје во областа на социјалната заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 11.04.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на религија и лично својство врз [redacted] во областа на социјалната заштита од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 08.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted], против ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, за сторена дискриминација врз основа на религија и лично својство во областа на социјалната заштита.

Во претставката подносителката наведува дека таа, согласно решение [redacted] од 10.02.2023 на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, подрачна единица Гази Баба, е корисничка на правото на паричен надоместок за детски додаток, согласно кое треба да ѝ се исплаќа месечен надомест во износ од 1053 години, сметано од 23.09.2022.

Согласно нејзините наводи таа се уште нема добиено никакви средства на нејзината трансакциска сметка. Имајќи предвид дека повеќе нејзини познанички од нејзината населба, кои го остваруваат истото право, веќе ги добиле средствата на своите сметки, подносителката смета дека е дискриминирана од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, врз основа на религија и лично својство во областа на социјалната заштита.

На 13.03.2023, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ја испрати претставката со барање за произнесување до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје.

На 03.04.2023, во рамките на законски предвидениот рок, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје.

Во поднесокот за произнесување се наведува дека исплатата на наведениот додаток се врши секој месец, од 1 до 5 во месецот. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје на подносителката и дал потврда за социјален број и истата требала таа потврда да

ја достави во банка во која има трансакциска сметка, како би можел да и се исплаќа споменатиот додаток. Во рамките на поднесокот за произнесување ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје достави копија од аналитичка картица на корисничката [redacted] од спил програм. Од истата јасно се гледа дека на подносителката ѝ се префрлени средства на банкарска сметка на име [redacted] што се води во [redacted] и тоа:

- Износ од 281 денар за месец септември 2022, сметано од 23.09.2022;
- Износ од 1053 денари за месец октомври 2022;
- Износ од 1053 денари за месец ноември 2022;
- Износ од 1053 денари за месец декември 2022;
- Износ од 1053 денари за месец јануари 2023;
- Износ од 1053 денари за месец февруари 2023.

Ценејќи ја содржината и наводите од претставката, поднесокот за произнесување и доставените докази кон поднесокот за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека на подносителката редовно ѝ е исплаќан паричен надоместок за детски додаток од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, согласно решението УП 1508-3409 од 10.02.2023. Во конкретниот случај на подносителката не ѝ е повредено право од социјална заштита, па следствено на тоа не може да стане збор за дискриминација, која е дефинирана во чл. 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Имајќи го предвид горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето и не утврди дискриминација врз основа на религија и лично својство врз [redacted] во областа на социјалната заштита од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа.

Скопје
11.04.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, ул. Никола Вапцаров бр. 11, Скопје